**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-28/5
26.01.2021 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

**Повторена Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 12, опшитина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година е:
-Од Север е дефинирана по осовина на магистрална сообраќајница булевар „Гевгелија" и продолжува на североисток по осовина на регионалниот патен правец Р 1102,
-Од Исток е дефинирана по осовина на регулирано речно корито на река„Рауљ" и продолжува по осовина на водотекот на коритото на реката Вардар, кадешто во целост се совпаѓа со границата на планскиот опфат на ГУП Гевгелија 2011-2021
-Од Југ границата е дефинирана по осовината на водотекот на река Сува Река
-Од запад границата се движи по осовина на постојните сообраќајни улици „Железничка" и ул. „Борис Кидрич" и во пресечна точка се спојува со осовина на магистрална сообраќајница бул.„Гевгелија".
Во планскиот опфат е ул.„Вардарски Рид", „Железничка", „Борис Кидрич", како и неколку постојни асфалтирани улици и земјени патеки.

Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година зафаќа површина од 115,282 ха.

**Повторената јавна презентација со стручно презентирање на Деталниот урбанистички план за Блок 12, опшитина Гевгелија, плански период 2019-2024 година ќе се одржи на ден 05.02.2021 година (петок) во 12.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за Блок 12, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам,

градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Повторената јавна анкета за Деталниот урбанистички план план за Блок 12, опшитина Гевгелија, плански период 2019-2024 година** ќе трае 5 работни дена и тоа **од 05.02.2021 година до 12.02.2021година,**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**